СОВЕТ НА ОПШТИНА КИЧЕВО

Бр. 08- 1305/2

31.05. 2023 година

К и ч е в о

# З А П И С Н И К

Од одржаната 21-та редовна седница на Советот на Општина Кичево на ден 31.05.2023 година во просториите на Советот на Општина Кичево со почеток во 10 часот

Седницата во 10 часот ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Кичево Скендер Џабири, а присутни беа и советниците: Ќамер Клоси, Дренуше Далипи, Валбона Адили Емини, Агим Садику, Абдула Сејдини, Филип Митрески, Михајло Данилоски, Виолета Спасеноска, Лазе Јакимоски, Олгица Попоска, Игор Стојаноски, Даниела Попоска, Анто Трајаноски, Тефик Лутвиу, Арѓент Асани, Валентина Лазаревска, Иванчо Божиноски, Миѓен Зендели, Виктор Алексоски, Рамазан Зулбеари, Фортеса Сејдини и Сибел Туфекџи.

На седницата беа присутни и Мара Мишкоска, Беким Мустафај и Анета Настеска-секретар-преставници од општинската администрација, директороите на : ОУ ,,Владимир Полежиноски,,- Кичево, ОУ ,,Реџо Рушит Зајази,,-Зајас, ОУ ,,Наим Фрашери,,-с.Јагол Доленци .

**Претседателот на советот** за оваа седница го предложи следниот:

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. Усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кичево за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2023 до 31.03.2023 година.

2. Предлог Одлука за одземање на долг од ОСУ ,,Дрита,, Кичево.

3. Предлог План за вработување за 2024 година на:

-ОСУ,,Дрита,,Кичево

- ОУ,,Кузман Јосифоски Питу,,- Кичево

-ОУ ,,Наим Фрашери,,-с.Јагол Доленци

-ОУ ,,Владимир Полежиноски,,- Кичево

-ОУ,,Христо Узунов,, с.Другово

- ОУ ,,Реџо Рушит Зајази,,-Зајас

4.Барање за позитивно мислење за реализација на екскурзија за ОУ ,,Реџо Рушит Зајази.

5.Предлог Одлука со која се утврдува дека ќе се донесе урбанистичка документација за с. Речани Челопечко Кичево заради вклопување на бесправен објкет.

6.Предлог Одлука со која се утврдува дека ќе се донесе измена на Урбанистички План за село Трапчин Дол донесен со Одлука на Совет бр.07-779/3 од 04.07. 2002 на КП бр. 1098/6 КО Трапчин Дол Вон Гр.во Општина Кичево.

7. Предлог Одлука со која се утврдува дека ќе се донесе измена на Урбанистички План за село Трапчин Дол донесен со Одлука на совет бр.07-

779/3 од 04.07.2002 за К бр.1098/2 КО Трапчин Дол Вон Гр. во Општина Кичево.

8. Предлог Одлука за доделување средства на учениците запишани на прва година во ОСУ,,Дрита,, и ОСУ,,Мирко Милески,, Кичево.

9. Извештај за отстранување на привремените објекти.

10.Извештај од ЈП ,,Комуналец,, за одржување на градските гробишта.

11. Разно: Разгледување на барања.

Пред да се усвои дневниот ред збор зеде:

**Валдет Селими**- Предложи во втората точка од дневниот ред да се додаде и одземање на долгот од ОУ ,,Санде Штерјоски,, , а во третата точка да се повлече ОСУ ,,Дрита,, бидејќи за средните училишта согласност дава Градоначалникот, а не Советот и не е во надлежност на Советот.

**Валентина Лазаревска**- Информира дека станало практика да не се почитува Деловникот на советот, бидејќи не им се доставува сиот материјал за седница. Истакна дека за третата точка не е доставен материјал за ОУ,,Кузман Јосифоски Питу,, и ОУ,,Христо Узунов,, а за четвртата точка не бил доставен планот за екскурзија. Смета дека мислењето требало да се достави 30 дена пред да се изведе екскурзијата и дека тоа било задоцнето и немале материјали за точката за ,,Комуналец,,

**Валдет Селими**- За ОУ ,,Кузман Јосифоски Питу,, и ОУ ,,Христо Узунов,, беа доставени материјали само писмено, а не и електронски затоа не ви се доставени. Барањето за позитивно мислење мислам дека ви беше доставено, а во врска со ,,Комуналец,, разговарав со советникот Михајло и се разбравме.

**Валентина Лазаревска-** Информира дека директорката на училиштето ја информирала дека електронски биле доставени материјалите за ОУ,,Кузман Јосифоски Питу,,.

**Валдет Селими**- Информатичарите ме информираа дека не се доставени.

**Абдула Сејдини**- Информира третата точка да се усвои без ОУ,,Кузман Јосифоски Питу,, и ОУ,,Христо Узунов,, за кои нема доставено материјали, а четвртата точка да се повлече од дневен ред. Истакна дека според информирањето од родителите се работело за екскурзија која веќе се одвивала, а барањето било доставено на 10.04 2023 г. и за точката требало да се дискутира на седницат која се одржала на 28.04.2023 г. , а не сега, затоа предлага да се повлече од дневен ред.

**Агим Садику**- Истакна дека немало потреба да се повторуваат, ако немало материјали немало да се дискутира за тоа и да се повлече четвртата точка и од третата точка училиштата за кои немало материјали.

**Лазе Јакимоски**- Информира дека во врска со десетата точка немало материјали, но побара на седницата да присуствува Директорот на ЈП ,,Комуналец,, и да се дискутира за неа. Исто така и за деветата точка побара да писуствува на седницата инспекторката, бидејќи во писмениот извештај што го добиле инспекторката политизирала и не добиле конкретен одговор и побара таа тоа да го образложи.

**Валдет Селими**- Информира дека во врска со десетата точка која е предложена од советникот Михајло немало стигнато писмено барање, а Михајло вели дека доставил. Со Михајло се договоривме да биде на следната седница таа точка на дневен ред. Во врска со деветата точка информира дека инспекторката ќе присуствува на седницата.

**Лазе Јакимоски**- Праша дали треба да се повлече десетата точка од дневниот ред.

**Михајло Данилоски**- Информира дека доставил до општината и требало да се види зошто не било стигнато, побара на седницата да присуствува Директорот на ЈП,,Комуналец,,.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување  Записникот од 20-та седница на советот  одржана на 28.04.2023 година и истиот се усвои со 23 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**Претседателот на советот** го стави на усвојување предложениот Дневен ред  со предлогот во втората точка  да се додаде и одземање на долгот на  ОУ,,Санде Штерјоски,, , во третата точка  да останат  ОУ ,,Наим Фрашери,, , -ОУ ,,Владимир Полежиноски,,  и  ОУ ,,Реџо Рушит Зајази,,, а другите да се избришат и да се повлечат од дневниот ред четвртата точка, како и десетата точка поради тоа што нема доставено мареијали за нив  и истиот се усвои едногласно со 23 гласа ЗА,  ПРОТИВ (нема) и  ВОЗДРЖАНИ (нема).

**<u>1.ПРВА ТОЧКА</u>**:  Усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кичево за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2023 до 31.03.2023 година.

Извештајот од Комисијата за финансии, буџет и вршење надзор врз материјално и финансиското работење го прочита претседателот на комисијата Тефик Лутвиу и побара од советниците да се усвојат точките кои биле разгледани од комисијата.

**Мара  Мишкоска** – Информира дека Кварталниот извештај К1 е осврт на приходите и расходите од првиот квартал и дека кај основниот буџет приходите се реализирани 15%, а расходите 13%.  Истакна дека во К2 се преставени достасаните обврски кои биле преставени во расходни конта и истите детално ги образложи.

**Агим Садику**-Информира дека тоа што е прикажано е и реализирано и неможе да се измени. Истакна дека Извештаите треба да се прават и во писмен дел кое нешто го побарал и на комисија  за да може да се направи споредба на одредени периоди во различни години и да се види дали има напредок или не општината. Бројките не можеле да ги разберат  тие што не се економисти.

**Мара Мишкоска**- Информира дека порано споредбено ги изготвувала извештаите, но и рекле дека тоа не било потребно и сега доколку требало таа можела детално пак да ги изготви.

**Агим Садику**- Информира дека знаел дека такво нешто имало, затоа и го побарал.

**Мара Мишкоска**- Информира дека не присуствувала на седницата на комисијата и тоа не и било пренесено, но понатаму ќе го подготвува.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Кичево за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2023 до 31.03.2023 година и истиот се усвои со 13 гласа ЗА, ПРОТИВ (нема) и 10 гласа ВОЗДРЖАНИ.

**<u>2.ВТОРА ТОЧКА</u>**: Предлог Одлука за одземање на долг од ОСУ ,,Дрита,, Кичево и одземање на долгот на ОУ,,Санде Штерјоски,, Кичево

**Секретарот на општината** - Информира дека се работи за одземање на долг на училиштата, бидејќи се со блокирани сметки и неможат да работат.

**Мара Мишкоска** – Информира дека се работи за долг на ОСУ ,,Дрита,, во висина од 100 иљади денари и на ОУ,,Санде Штерјоски,, од 71 иљада денари.

**Агим Садику**- Информира дека фактурите со тој долг треба да се исплатат, за да можело да тече едукативниот процес во училиштето.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката за одземање на долг од ОСУ ,,Дрита,, Кичево и одземање на долг на ,,ОУ ,,Санде Штерјоски,, и истата се усвои со 23 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема) .

**<u>3.ТРЕТА ТОЧКА</u>**: Предлог План за вработување за 2024 година на: -ОУ ,,Наим Фрашери,,-с.Јагол Доленци, -ОУ ,,Владимир Полежиноски- Кичево, -ОУ ,,Реџо Рушит Зајази,,-Зајас

**Директорот на ОУ ,,Наим Фрашери,,-с. Јагол Доленци** – Информира дека планот електронски им бил доставен и ако има некој потреба нешто да се објасни, тој тоа ќе го сторел.

**Лазе Јакимоски-** Информира дека го разгледал планот и видел дека имало две пензионирања и едно вработување, праша дали едното вработување било за нив.

**Директорот на ОУ ,,Наим Фрашери,,-с. Јагол Доленци-** Информира дека тоа вработување е за техничките и административните служби, а не за педагошката служба и за наставници.

**Директорот на ,,Владимир Полежиноски,,-Кичево**- Информира дека има потреба од 3 вработувања и тоа: 2 хигиеничари и 1 чувар.

**Абдула Сејдини-** Праша дали тоа биле нови вработувања или имало пензионирање.

**Директорот на ,,Владимир Полежиноски,,-Кичево- Информира дека** од тие вработувања училиштето имало потреба и ги барал повеќе години, но не му биле одобрени.

**Валентина Лазаревска-** Праша колку е зголемена потебата за чувар, бидејќи училиштето имало видеонадзор и 1 чувар.

**Директорот на ,,Владимир Полежиноски,,-Кичево-** Информира дека барал вработување за ноќен чувар.

**Директорот на ОУ ,,Реџо Рушит Зајази,,-Зајас –** Информира дека планот им е доставен електронски и доколку некој нешто имал да праша тој ќе им одговорел.

**Рамазан Зулбеари** -Праша дали предвидените 2 вработувања се за наставници.

**Директорот на ОУ ,,Реџо Рушит Зајази,,-Зајас-** Информира дека се работи за вработување на двајца нови наставници, бидејќи има пензионирање.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Предлог Планот за вработување за 2024 година на: -ОУ ,,Наим Фрашери,,-с.Јагол Доленци, -ОУ ,,Владимир Полежиноски- Кичево и - ОУ ,,Реџо Рушит Зајази,,-Зајас и истиот се усвоија со 23 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

Претседателот на советот даде пауза од 5 минути.

По паузата Претседателот на советот информира дека:

**<u>5. ПЕТА ТОЧКА</u>**: Предлог Одлука со која се утврдува дека ќе се донесе урбанистичка документација за с. Речани Челопечко Кичево заради вклопување на бесправен објкет.

**<u>6. ШЕСТА ТОЧКА</u>:** Предлог Одлука со која се утврдува дека ќе се донесе измена на Урбанистички План за село Трапчин Дол донесен со Одлука на Совет бр.07-779/3 од 04.07. 2002 на КП бр. 1098/6 КО Трапчин Дол Вон Гр.во Општина Кичево.

**<u>7. СЕДМА ТОЧКА</u>**: Предлог Одлука со која се утврдува дека ќе се донесе измена на Урбанистички План за село Трапчин Дол донесен со Одлука на совет бр.07-779/3 од 04.07.2002 за К бр.1098/2 КО Трапчин Дол Вон Гр. во Општина Кичево, се точки од Секторот за урбанизам и заедно ќе ги разгледале, истакна дека Комисијата за урбанизам не се одржала поради немање на кворум и побара во иднина навреме да се извести претседателот на комисијата, ако некој отсуствува, за да знае дали ќе се одржи или не комисијата.

**Беким Мустафај**- Информира дека во сите точки се работело за стамбени објекти кои се наоѓаат на приватно земјиште и даде детално образложение за секоја точка.

Потоа**, Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката со која се утврдува дека ќе се донесе урбанистичка документација за с. Речани Челопечко Кичево заради вклопување на бесправен објкет и истата се усвои со 17 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема) и 6 гласа ВОЗДРЖАНИ.

Потоа, **Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката со која се утврдува дека ќе се донесе измена на Урбанистички План за село Трапчин Дол донесен со Одлука на Совет бр.07-779/3 од 04.07. 2002 на КП бр. 1098/6 КО Трапчин Дол Вон Гр.во Општина Кичево и истата се усвои со 16 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). 7 гласа ВОЗДРЖАНИ.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување и Предлог Одлуката со која се утврдува дека ќе се донесе измена на Урбанистички План за село Трапчин Дол донесен со Одлука на совет бр.07-779/3 од 04.07.2002 за Кп бр.1098/2 КО Трапчин Дол Вон Гр. Во Општина Кичево и истата се усвои со 15 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). 8 гласа ВОЗДРЖАНИ.

Се премина на:

**8.ОСМА ТОЧКА:** Предлог Одлука за доделување средства на учениците запишани на прва година во ОСУ,,Дрита,, и ОСУ,,Мирко Милески,, Кичево.

**Михајло Данилоски-** Како предлагач на точката информира дека поради намалување на бројот на ученици во Средните училишта предлага да му се даде по 5.000 денари на секој новозапишен ученик со цел да остане да учи во градот.

**Претседателот на советот**- Информира дека средното образование е задолжително и дека немало предвидено средства во буџетот за да им се даваат на учениците. Општината дава стипендии за учениците. Истакна дека се консултирал со Секторот за финансии и тоа неможело да го издржи буџетот ма општината.

**Агим Садику**- Предложи да се формира комисија која ќе го разгледа тоа и во оваа криза би било добро да им се помогне на ученици кои се во лоша економска состојба, а сумата можела да биде и помала.

**Валбона Адили**-Информира дека доколку се може да се помогне од страна на општината за екскурзии, за одлични ученици и.т.н.

**Лазе Јакимоски-** Информира дека такви прдлози имале и за основното образование. Ќе има ефект да се направи селекција на пр. на социјални

случаи, да се формира комисија и да се разгледа. Истакна дека две години не слушнал нешто да се помогне. Со ребаланс на буџетот тоа можело да се направи, а со тоа ќе се помогнеле и семејствата.

**Претседателот на советот** – Информира дека според програмата за социјални случаи се доделувале такви средства и дека општината помагала согласно буџетската рамка.

**Иванчо Божиноски**- Информира дека не треба да се манипулираат луѓето и дека се сакало да се финансира асфалтирање на локални патишта, да се дадат парични средства за првачињата и др., сето тоа неможело да го издржи буџетот.

**Лазе Јакимоски-** Информира дека не се работело за 50 километри патишта, се работело за 10 илјади евра за првачињата. Праша од каде се обезбедени 14 милиони денари за парковите, за обештетување на луѓето каснати од кучиња, каде биле парите од културата за кои лажеле 2 години

**Михајло Данилоски-** Информира дека целта на Одлуката е постигната, неможело да се асфалтира 50 км. пат, ама можело 3-5 км. , го слушнавл гласот на советниците.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката за доделување средства на учениците запишани на прва година во ОСУ,,Дрита,, и ОСУ,,Мирко Милески,, Кичево и истата не се усвои со 10 гласа ЗА. 12 гласа ПРОТИВ. ВОЗДРЖАНИ (нема).

**<u>9.ДЕВЕТА ТОЧКА:</u>** Извештај за отстранување на привремените објекти.

**Александра Силјаноска-** Информира дека Извештајот го доставила писмено и доколку сакаат нешто да прашаат нешто, таа ќе им одговори.

**Лазе Јакимоски –** Информира дека во писменото не виделе одговор на прашањето и не знаел дали е запознаета дека тие поднеле идеи, но не биле прифатени. Истакна дека според закон таа била должна да прави квартални извештаи кои треба да стојат на Веб страната на општината. Праша дали има

Одлука за отстранување на времени објекти и рокови за нивно остранување и зошто тоа не било досега направено.

**Александра Силјаноска –** Информира дека требало конкретно да наведе што да одговори таа и дека ги известила пред една година, за тоа дека имало Одлука за реализација на остранување на времените објекти.

**Лазе Јакимоски-** Праша каде биле остранети објектите и што било направено.

**Александра Силјаноска-** Информира дека улицата ,,Мехмед Мехмеди,, е средена, а сега требало да се уреди и улицата ,,Борис Кидрич,,.

**Лазе Јакимоски-** Праша кој одлучува да се тргаат времените објекти..

**Александра Силјаноска**-Информира дека за тоа одлучувал Секторот за урбанизам и ако се одлучело нешто да се уреди, од неа се барало да донесе Одлука за уривање и се правело тоа. Истакна дека кварталните извештаи ги доставува до Државниот градежен инспекторат.

**Лазе Јакимоски –** Праша дали има рок до кога треба да се остранат градежните објекти.

**Александра Силјаноска-** Информира дека за тоа одлучувал Градоначалникот.

**Лазе Јакимоски-** Информира дека сака јавно да пријави дека во Раштани за КО Осломеј на Кп 1541/1 имало изградено 6-7 објекти на државно земјиште, со што било направено класична узурпација..

**Иванчо Божиноски**- Информира дека тоа директно може да се пријави во Државното јавно обвинителство.

**<u>11. ЕДИНАЕСЕТА ТОЧКА</u>**: Разно - Разгледување на барања

Пристигнатите барања до Советот ги прочита Претседателот на советот.

**1. Барање од МЗ Туин** за финансиска помош од 300.000.00 денари за набавка на хлор и кварц кои се неопходни за одржување на водоснабдувањето на с.Туин кое е од сопствени извори и не е вклучено на водоводната мрежа на општина Кичево.

Претседателот на советот одлучи барањето да се достави до соодветниот Сектор.

**2**.**Барање од Шезо Рамадани** за отварање на улица на место кое е државна сопственост

Советот одлучи дека Барањето треба да се достави до Секторот за комунални дејности.

**3.Барање од Илија Штерјоски од Кичево** на кого му е одземен 21 м2 од неговата катастарска парцела и се заведени во друга катастарска парцела.

**Иванчо Божиноски**- Информира дека според новиот закон странката може да побара од подрачното одделение за имотно правни работи и со Решение за приватизација да му се врати делот.

Советот одлучи писмено да му се одговори на барателот.

**4. Барање од жителите на с. Лешница** за доасфалтирање на пат од 300 м2.

Советот одлучи барањето да се достави до надлежниот Сектор

**5**. **Барање од Меѓународната традиционална културна манифестација ,,Средби под даб,,2023- Скопје** за финансиска помош од 376,416,00 денари, кои се неопходни за покривање на трошоците за одржување на манифестацијата.

Советот одлучи барањето да се достави до соодветниот надлежен Сектор

**Лазе Јакимоски-** Информира дека на 11.04.2023 година имале доставено барање од МЗ Патеец и Козичино за изградба на пат од 2,5 км. Иницијативниот одбор имал постигнато договор со Министерството за

одбрана за санација на земјените работи до фаза за асфалтирање. Побара помош од бетонски цевки  според спецификација која дополнително ќе се достави, а  кои се потребни за одвод и пренасочување на водата.

Советот одлучи барањето да се достави до надлежниот сектор.

На крајот од седницата советникот Лазе Јакимоски упати  неколку прашања до Секретарот на општината, за кои немале досега добиено одговор, а за кои таа писмено ќе му одговори.

Бидејќи, никој друг не се јави за збор, а со тоа беше исцрпен Дневниот ред за оваа седница, Претседателот на Советот на Општина Кичево ја затвори Седницата на Советот во 12 часот и 30 минути.

Записничари

-Ленче Србиноска

-Елисавета Милеска

Советна Општина Кичево

Претседател

Скендер Џабири